**ОПШТИНА НЕГОТИНО**

**Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино**

**Изготвувач: Одделение за финансиски работи**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА 2024 година

**Неготино, Март 2025 година**

## Вовед

Општината Неготино е лоцирана во централниот дел од Република Македонија, во областа на средното Повардарие. Му припаѓа на Вардарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешко вардарски регион. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката Котлина, на двете страни од реката Вардар, а на југоисток граничи со Демир Капија. Граничи со општините: на север со општина Штип, на исток со Конче, на југ со Кавадарци, на запад со Росоман и на северозапад со Градско. Зафаќа површина од 414 км2 и во неа живеат 19.212 жители, во градот Неготино и во други 18 населени места, од кои 4 се целосно раселени. Општина Неготино се наоѓа на просечна надморска височина од 150 м. Територијата на општината Неготино, како дел од областа Тиквеш и Повардарие, е под влијание на медитеранската клима, која продира од југ, преку Демиркаписката Клисура, и на континенталната клима, која продира од север, преку Велешката Котлина**.**

Локалната самоуправа е главниот носител на економскиот развој на општината, или поточно, како локална влада таа ги посочува економските потреби заради побрз стопански развој, привлекување на нови и зачувување на постојните бизниси, маркетинг, користење, располагање и управување со недвижен имот, креирање на локалната даночна политика во смисла на даночни олеснувања за проширувања на бизнисот, образование и обука, развој на малите претпријатија, одржување на општинската инфраструктура, или генерално речено локалниот економски развој претставува се она што општината може да го направи за подобрување на економијата и социјалната благосостојба на нејзините граѓани.

Општина Неготино е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку претставници во органите на општината и со непосредно учество на граѓаните во одлучувањето, на начин и постапка утврдени со закон.

Општината е правно лице со седиште во Неготино

## Надлежност

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;

- Здравствена заштита, односно управување со мрежата на јавни здравствени организации, превентивни активности, надзор над заразни болести;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат териториjалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

## Организација и сметки

Органи на општината се:
- Советот и
- Градоначалникот.

## Совет:

Советот на Општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на Општината го сочинуваат 15 претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае четири години.

Советот ги врши следните работи:

- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
- Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон;
- Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Врши и други работи утврдени со закон.

Седниците на советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш во три месеци, на барање на градоначалникот или на барање на најмалку ¼ од членовите на советот. Советот може да работи ако на седниците присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот. Седниците на советот се јавни.

Членовите на советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци.

Претседателот на советот се избира од редот на членовите на советот, со мандат од четири години. За претседател на советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

## Градоначалник

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од четири години.

Градоначалникот ги врши следните работи:

- Ја претставува и застапува општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината;
- Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;
- Избира директори на јавните служби кои се основани од општината, врз основа на јавен конкурс;
- Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;

– Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените;
– Врши други работи утврдени со закон и со статут.

Во економијата на општината постојат деловни субјекти распоредени по следниве индустриски гранки, производни и услужни дејности:

Табела Активни деловни субјекти по дејности 2021 според Националната класификација на дејностите Рев.2 во Општина Неготино (Државен завод за статистика на Република Македонија):

| **Дејност** | број |
|---|---|
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | 31 |
| **Рударство и вадење на камен** | 2 |
| **Преработувачка индустрија** | 114 |
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | 1 |
| **Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината** | 4 |
| **Градежништво** | 48 |
| **Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | 240 |
| **Транспорт и складирање** | 149 |
| **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | 49 |
| **Информации и комуникации** | 8 |
| **Финансиски дејности и дејности на осигурување** | 2 |
| **Стручни, научни и технички дејности** | 57 |
| **Административни и помошни услужни дејности** | 7 |
| **Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | 2 |
| **Образование** | 10 |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита** | 35 |
| **Уметност, забава и рекреација** | 12 |
| **Други услужни дејности** | 31 |
| **Големина** | |
| **Микро** | 549 |
| **Мали** | 238 |
| **Средни** | 13 |
| **Големи** | 2 |
| | |
| **Вкупно** | 802 |

# Завршна сметка на Општината за 2024 година

## Приходи на Општината

Во **2024 година** Општина Неготино од вкупно планираниот Буџет **549.868.652,оо денари** има остварено реализација од **531.317.028,оо денари** , односно **96.63%.**

Во **2024 година** приходите во **Завршната сметка** по носители изнесуваат:

| *Опис* | *Планирано* | *Реализирано* |
|---|---|---|
| Основен буџет | 206.079.298,00 | 191.870.723,00 |
| Самофинансирачки активности | 14.827.000,00 | 12.915.968,00 |
| Сметка на Дотации | 307.585.803,00 | 307.546.728,00 |
| Сметка на Донации | 21.376.551,00 | 18.983.609,00 |
| Сметка на кредити | 0,00 | 0,00 |
| **ВКУПНО** | **549.868.652,00** | **531.317.028,00** |

Во **2024 година во Основниот буџет** има остварено вкупно приходи од **191.870.723,00 денари** додека расходите се реализирани од **191.870.723,00 денари.**

Во **2024 година** од **Самофинансирачките активности** остварени се приходи во износ од **12.915.968,00 денари.**

Во **2024 година** од **Блок дотации** остварени се приходи од **307.546.728,00 денари.**

Во **2024** година од **Донации** остварени се **18.983.609,00 ден**

## Основен буџет

Со **Буџетот** на **Општина Неготино** за **2024 година** од планираните **206.079.298,00 денари** заклучно со **31.12.2024 година** има реализација од **191.870.723,00 денари** . Реализацијата на планираните и остварените приходите се прикажани во следната табела:

| *Ставка* | *Опис* | *Планирано* | *Реализирано* |
|---|---|---|---|
| **711** | Данок од доход, добивка и од капитални добивки | 11.106.000,00 | 14.145.234,00 |
| **713** | Даноци на имот | 28.700.000,00 | 30.771.468,00 |
| **717** | Даноци на специфични услуги (комунални такси) | 36.440.000,00 | 35.794.743,00 |
| **718** | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 1.345.000,00 | 667.610,00 |

| *Ставка* | *Опис* | *Планирано* | *Реализирано* |
|---|---|---|---|
| **722** | Глоби, судски такси и администртивни такси | 1.050.000,00 | 551.314,00 |
| **723** | Такси и надоместоци | 71.000,00 | 37.320,00 |
| **724** | Други владини услуги | 250.000,00 | 0,00 |
| **725** | Други неданочни приходи | 17.870.256,00 | 23.002.903,00 |
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 23.280.797,00 | 24.732.284,00 |
| **741** | Трантфери од други нивоа на власт | 85.966.245,00 | 62.167.847,00 |
| | **ВКУПНО** | **206.079.298,00** | **191.870.723,00** |

## Приходи од самофинансирачки активности

Буџетските корисници остваруваат приходи од т.н. **Самофинасирачки активности** кои што претставуваат составен дел на **Завршната сметка** на **Буџетот на општината**. Во  2024 година имаат планирано приходи во износ од **14.827.000,00** ден, остварена реализација во износ од **12.915.968,00** ден.

## Приходи од блок дотации

Блок дотациите се приходи со кои што се финансираат буџетските единки и се наменети за плати и надоместоци од плати и тековно одржување (превоз на учениците,струја, вода, телефон, греење и сл). Од планираните **307.585.803,00 денари** има реализација од **307.546.803,00 денари.** . Средствата од Блок дотации се остварени по основ на доделени средства од министерствата за користење на буџетските едински.

## Приходи од донации

Составен дел на **Завршната сметка-Буџетот на Општина Неготино** се и Приходите од **Донации.** Од планираните **21.376.551,оо денари** реализирани се **18.983.609,оо денари**.

## Р А С Х О Д И

Во **2024 година** беа планирани програми и потпрограми кои што се реализирани делумно од остварениот приход во оваа фискална година. **Завршната сметка на буџетот на општина Неготино** за **2024 година** е составена од основен буџет, блок дотации, самофинансирачки активности , донации и кредити. Во следната табела ги искажуваме планираните со реализираните расходи:

| *Опис* | *Планирано* | *Реализирано* |
|---|---|---|
| Основен Буџет | 206.079.298,00 | 191.870.723,00 |
| Самофинансирачки активности | 14.827.000,00 | 12.915.968,00 |
| Дотации | 307.585.803,00 | 294.845.987,00 |

| *Опис* | *Планирано* | *Реализирано* |
|---|---|---|
| Донации | 21.376.551,00 | 18.983.609,00 |
| Кредити | 0,00 | 0,00 |
| **ВКУПНО** | **549.868.652,00** | **518.616.287,00** |

**Од дадената табела можеме да заклучиме дека реализација на вкупните расходи во буџетот на Општина Неготино изнесува 94.32%**.

Во **Консолидиранаta Завршна сметка на Буџетот на општина Неготино** за **2024 година** средствата по намена и нивното учество од вкупните расходи се искажани во следната табелата:

| | *Опис* | *Основен Буџет* | *Блок дотации* | *Самофинан активности* | *Донации* | *кредити* | *Вкупен буџет* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 40.416.200,00 | 249.125.213,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **289.541.413,00** |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 1.220.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **1.220.000,00** |
| 42 | Стоки и услуги | 68.282.365,00 | 50.599.590,00 | 14.183.000,00 | 3.938.551,00 | **0,00** | **137.003.506,00** |
| 45 | Каматни плаќања | 1.361.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **1.361.000,00** |
| 46 | Субвенции и трансфери | 22.200.127,00 | 2.369.000,00 | 200.000,00 | 17.438.000,00 | **0,00** | **42.207.127,00** |
| 47 | Социјални бенефиции | 2.530.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **2.530.000,00** |
| 48 | Капитални расходи | 66.195.000,00 | 5.492.000,00 | 444.000,00 | 0,00 | **0,00** | **72.131.000,00** |
| 49 | Отплата на главница | 3.874.606,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **3.874.606.000,00** |
| | ***ВКУПНО*** | ***206.079.298,00*** | ***307.585.803,00*** | ***14.827.000,00*** | ***21.376.551,00*** | ***0.00*** | ***549.868.652,00*** |

## Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивна вредност

Заклучно со 31.12.2024 година евидентирана е следната состојба:

- Парични средства на сметката на Основниот буџет од 23.469.542,00 денари,
- Парични средства на сметката на Блок дотации од 60.041.781,00 денари,
- Парични средства на сметка на Реконстр. на улици во с.Криволак 1.112.651,00 ден
- Парични средства на сметка на ОИК- 3.500,00 ден.
- Парични средства на сметка на депозит – 10.000,00 ден.
- Парични средства на сметка за солидарност елементарни непогоди – 58.504,00 ден.
- Побарување по основ на побарувања од граѓаните во износ од 13.637.040,00 денари,
- Побарување по основ на данок на имот во износ од 7.884.143,00 денари,
-Побарувања по основ на комунална такса за истакната фирма во износ од 11.229.877,00
-Побарувања по основ на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места во износ од 1.021.429,00
-Побарувања по основ на комунална такса за користење на простор пред деловни објекти во износ од 851.008,00
- Меѓусебни побарувања во однос на фондовите и корисниците во износ од 974.443,00
- Обврски спрема добавувачи во земјата заклучно на износ од 19.406.768,00 денари.

## Извештај за потрошени средства од тековната резерва и постојана резерва

Потрошени средства од програма **А0-Совет на Општина Неготино**, расходна ставка **412 110 – постојана резерва-непредвидени расходи,** вкупно потрошени средства на оваа ставка се **717.984,00 денари,** по следниве основи:

- **100.000,00** по решение број 08-508/7 за исплата на фин. Средства за струја за Црвени Брегови, извод број 59 од 20.06.2024
- **20.000,00** по решение број 08-67/14 за исплата на фин. Средства за лице Цветко Ристов, извод број 83 од 03.09.2024
- **30.000,00** по решение број 08-67/14 за исплата на фин.средства за лице Ивица Петровиќ, извод број 83 од 03.09.2024
- **35.294,00** фактура за набавка на опрема за пожарникари во услови на вонредна состојба за гасење на пожар на планина Серта, на извод 83 од 03.09.2024 – Интек Нова
- **50.000,00** по решение број 08-685/39 за исплата на фин.средства за струја за Црвени Брегови, на извод 84 од 05.09.2024
- **200.000,00** фактури за нафта при постоење на вонредна состојба за гасење на пожар на планина Серта, на извод 92 од 19.09.2024 – Макпетрол
- **12.000,00** фактура за вода при постоење на вонредна состојба за гасење на пожар на планина Серта, на извод 94 од 23.09.2024 – Алеко Компани
- **60.000,00** по решение број 08-779/16 за фин.помош за лице Хрисула Манова, на извод 102 од 07.10.2024 и извод 112 од 31.10.2024
- **40.000,00** по решение број 08-858/25 за фин.помош за лице Лазо Стојанов, на извод 112 од 31.10.2024
- **20.000,00** по решение број 08-858/25 за фин.помош за лице Марија Илиќ, на извод 112 од 31.10.2024
- **31.200,00** фактура за храна при постоење на вонредна состојба за гасење на пожар на планина Серта, на извод 115 од 07.11.2024 – Матадор Неготино
- **60.000,00** по решение број 08-961/24за фин.помош за лице Лазо Манов, на извод 128 од 06.12.2024
- **59.490,00** фактури за нафта при постоење на вонредна состојба за гасење на пожар на планина Серта, на извод 131 од 19.12.2024 – Јед 98 Јано Дооел.

Потрошени средства од програма **Д0-Градоначалник**, расходна ставка **413 110 – тековна резерва-разновидни расходи,** вкупно потрошени средства на оваа ставка се **130.144,00 денари,** по следниве основи

- **12.000,00** ф-ра здравствен дом за болничко возило

- **38.360,00** по решение број 09-162/2 за фин.помош за лице Јане Мелов за смрт на родител, на извод 15 од 19.02.2024
- **38.360,00** по решение број 09-164/2 за фин.помош за лице Николина Панова за смрт на родител, на извод 15 од 19.02.2024
- **41.424,00** по решение број 09-732/2 за фин.помош за лице Елена Атанасова за смрт на родител, на извод 15 од 24.09.2024

## Извештај за сработеното на Одделението за правни и општи работи при Општина Неготино за 2024 година

**<u>Совет на општина Неготино</u>**

Во 2024 година Советот на општина Неготино одржа **25** седници од кои **15** редовни и **10** вонредни седници.

- Се воспостави меѓуопштинска соработка помеѓу општина Неготино и општина Охрид **воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Неготино и општина Охрид** заради користење на интелектуални услуги во обласа на туризмот, а кои се однесуваат на Инспектор од обласа на туризмот;
- Се воспостави меѓуопштинска соработка помеѓу **Општина Неготино** и **Општина Демир Капија** заради користење на интелектуални услуги во област на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ , а се однесуваат на вработено лице со Овластување за управување со градежно земјиште сопственост на РСМ;

**<u>Започнати постапки за експропријација во 2024 година</u>**

o Заради реализација на изградба на комунална инфраструктура - улици, водовод, технолошка вода, фекална и атмосферска канализација во урбана индустриска заедница 8

- **Верка Најдова** вредност **1.156.406,оо денари;**
- **Грозданка Пашлакова** вредност **705.812 ,оо денари;**

**2.** Заради реализација на урбанистички план за КП бр.11084/2 и дел од КП бр.11084/1 од ДУП за УЗ 6 дел УБ 6.2 и УЗ 7 дел УБ 7.3 Некотино

- **Душица Вулиќ Димова** вредност **832.352,оо денари;**

**3.** Заради реализација на урбанистички план – експропријација за дел од улици од ДУП за УЗ 5 УБ 5.1 КО Неготино

- **Никола Николов** вредност **22.800,оо денари;**
- **Слаѓан Стошиќ** вредност **61.800,оо ( се чека наследно решение );**
- **Орданка Илиева** – вредност **227.424,оо** денари;

**4.** Заради реализација на урбанистички план за КП бр.9088/4 од ДУП за УЗ 6.2 и УЗ 7 дел УБ 7.3 Неготино

- **Васа Апостолова** вредност **202.742,оо** денари;

**5.**Заради реализација на урбанистички план за КП бр. 10165/2 и дел од КП бр.10164, КП бр.10171 и КП бр. 10174 крак од улица ЈНА од ДУП за УЗ 4 дел УБ 4.2 КО Неготино

- **Лазар Ангелов** вредност **34.200,оо** денари;

**<u>Судски предмети во постапка и Спогодбено решавање на спорови</u>**

Во текот на 2024 година Одделението за правни и општи работи ја застапуваше Општина Неготино пред судовите во Република Северна Македонија во тужби против Општина Неготино за :

1. Надомест на штета Малв П бр.42/23 **Никола Чапов** против Општина Неготино пред Апелационен суд Скопје.
2. **Ангел Клинчаров** – надомест за експроприрана недвижност пред Основен суд Неготино.
3. **Горан Милев** – надомест за експроприрана недвижност пред Основен суд Неготино.

Согласно Одлука бр. **08-190/8** од **01.03.2023** година на Совет на општина Неготино постигнати се **4 вонсудски спогодби** за надомест на штета од напад на кучиња скитници.

Постигнати се **2 вонсудски спогодби** за надомест на штета поради оштетување на електрични столбови во општина Неготино.

**<u>Односи со јавноста и медиуми</u>**

- Следење, водење и изготвување на Записници од Седници на Совет на Општина Неготино ;
- Изработка на седници, одлуки како и Службени гласници заедно со раководител на одделение за правни и општи работи;
- Подготовка на текстови и објавување на истите на официјалната веб страна на општината, како и фб страната на градоначалникот;
- Подготовка на прес конференции, јавни настапи на градоначалникот на општината ;
- Лица за контакт на ЗЕЛС и изготвување на материјали за потребите на ЗЕЛС

**<u>Информации од јавен карактер</u>**

Во текот на 2024 година се примани вкупно **22** барања.

- Број на позитивно одговорени барања **18** ;
- Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините на секое одбиено и отфрлено барање – **нема**;
- Број на неодговорени барања- **4**;
- Број на вложени жалби против провостепени одлуки- **нема**;
- Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата – **2**;
- Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање – **1**;
- Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлени – **нема**;

## ИТ поддршка

- Целокупна ИТ поддршка на целата општинска администрација, градоначалникот и Советот на општина Неготино;Инсталирана целокупна видео опрема во зградата на општина Неготино и на спортско игралиште во населба Саат Кула ; Ажурирање на општинска страна, Внесување на податоци во УЈП,Сервис на хардвер(компјутери, печатачи), Бекап на податоци, Инсталација на дигитални сертификати, Набавка на компјутерски материјали, Администратор на е-урбанизам, Администратор на градежна дозвола.мк, Администратор на градежно земјиште , Администратор на е-ствари,

## Архива

-Достава и прием на целокупната документација поврзана со општинска администрација, градоначалникот и Советот на општина Неготино ; Водење на деловодна книга за излез и влез на документацијата поврзана со општинска администрација, градоначалникот и Советот на општина Неготино ( заведени 1107 деловодни броја во 2024 година );

## Помошно - технички лица

- Во рамки на одделението за правни и општи работи работат две помошно - технички лица ( возач и доставувач ) кои вршеа превоз на службени лица за потребите на општината и доставување на управни акти, даночни опомени и даночни решенија.

### Подршка на Здруженија на граѓани и фондации

**Програма – А0-Совет на Општина Неготино**-Со цел за поддршка на целокупниот граѓански сектор во општината, односно поддршка на проекти кои се од интерес на општината (нејзин развој, промоција и сл.) општина Неготино во буџетот за 2024 година предвиде вкупен износ од 350.000,00 денари. Реализирани се 200.000,00 ден по основ на јавен повик кој што беше објавен од страна на Општина Неготино. Распределбата на финансиски средства е врз основа на донесената одлука на Комисијата при Советот на општината. Исплатени односно одобрени се вкупно финансиски средства на 6 Здруженија, и тоа на следните,

**Здружение Ековита – 30.000,00 ден**

**Пчеларско Здружение Неготински мед – 30.000,00 ден**

**Здружение Стари Занаети – 40.000,00 ден**

**Здружение Надеж Мит – 30.000,00 ден**

**ЗП Повардарец Неготино – 60.000,00**

- **ЗГ Антигона Бајкинг – 10.000,00**.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА, СПОРТ И ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ВО 2024 ГОДИНА**

## Основни цели на оваа програма се:

- Обезбедување на активен однос на Општина Неготино за задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на културата;
- Зачувување, афирмација и промоција на културно – историското наследство на Општина Неготино;
- Поддршка и промовирање на талентираните уметници и творци во областа на културата и културното творештво;
- Обезбедување на активен однос на Општина Неготино за задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на спортот.
- Обезбедување на активен однос на Општина Неготино кон граѓанскиот сектор и негова поддршка и промоција.

Општина Неготино го поттикнува, поддржува и помага остварувањето на целите на оваа Програма во текот на тековната година. Во 2024 год се реализираа следните активности:

**Програмски активности од областа на културата К4:**
-Маскенбал 2024;
-Светски ден на ромите 8 април;
-Неготинска музичка вечер 2024;
-Неготинско младо вино;
-Одбележување на денот на градот 8 ноември;
-Поддршка за организација на Џидимирски средби 2024;
-Финансирање на културни настани и манифестации во населените места;

**Во програмата К4 се реализирани ставки:**

- патување во земјата- сместување (гости присутни за празникот на градот 8ми Ноември, Неготинска вечер), услуги за копирање печатење и издавање (потребни средства за реализација на настани, печатење на флаери) ,други договорни услуги ,расходи за репрезентација (8 ноември, Неготинска вечер) „други оперативни расходи (реализација на настани),разни трансфери (светски ден на ромите, џидимирски средби, слави во населени места.
**Вкупно предвидени средства за програмата К4 3.288.000,00 денари, остварени 2.695.089,00 денари.**

**Програмски активности од областа на спортот L00**

-Поддршка и финансирање на Градски Фудбалски клуб „Вардар"-3.500.000,00 ден;
-Поддршка и финансирање на А.Д Градски Ракометен клуб „Вардар- Неготино"-2.500.000,00 ден;
-Поддршка на останати спортски клубови од општината по јавен повик-600.000,00 ден, овие средства се распределени на следниов начин:
-Боречки клуб Неготино 70.000,00 ден; Планинарски клуб „Серта"-10.000,00 ден, Гладијатор 50.000,00 ден, ГФК „Неготино"-50.000,00 ден., Јанг бојс- 50.000,00 ден, ЖКК 350.000,00 ден,Роберт Костовски 10.000,00 и Јадранка Темелкова 10.000,00
-Отворено градско првенство во шах за аматери-Турнир во шах 100.000,00 ден;
-Меѓународен фудбалски турнир за младински категории "ФЕЛЕР КУП 2024"-60.000,00 ден;
-Турнир во мал фудбал „Крсте Вељанов 2024" и поддршка на спортски турнири во населени места планирани 350.000,00 ден, остварени 330.556,00 ден ;

-Јован Димитров 30.000,00 ден;
-други оперативни расходи 5.000,00 ден;

**Предвидени средства за програмата L00 7.335.000,00 денари, остварени 7.125.556,00 денари.**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД

## ПРОГРАМАТА ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО 2024 год.

**Целите на Програмата** во областа на образованието се:

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Неготино кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;

-Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;

-Планирање на развојот на образованието;

-Подобрување на условите за изведување на образовниот процес;

Општина Неготино го поттикнува, поддржува и помага остварувањето на целите на оваа Програма во текот на учебната година. Во 2024 год се реализираа следните активности:

- Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од Новиот концепт за развој на образованието;

Во програмата за основно образование имавме планирано 1.091.000.000 ден, од кои во 2024 година се потрошени 1.000.516,00 ден, за:

- Поддршка на талентирани ученици за настапи на наградни конкурси за основно и поддршка на наставници (ментори) чии ученици освоиле награди на државни или меѓународни натпревари;

- Финансиска поддршка за секој ученик запишан во прво одделение во основните и подрачните училишта во општина Неготино во износ од 3.000,00 ден за секое прваче.

- Фонд за екскурзии за ученички/ученици од семејства во социјален ризик;

- Печатење маици и вода, за децата учесници во трката „8 ноември“;

- Back to scholl party;

Во програмата за средно образование имавме планирано 490.000 ден. од кои во 2024 година се потрошени 392.219.00 за:

- Поддршка на талентирани ученици за настапи на наградни конкурси за средно и поддршка на наставници (ментори) чии ученици освоиле награди на државни или меѓународни натпревари;

- Поддршка на учениците и наставниците од билингвална паралелка;

-СОУ „Св.Кирил и Методиј“- Купување на нови нагледни средства- средно образование- набавка на смарт табли;

- Стипендирање на најдобар студент од општина Неготино 9 месеци;

- Поддршка на талентирани ученици за настапи на наградни конкурси за основно и средно образование и поддршка на наставници (ментори) чии ученици освоиле награди на државни или меѓународни натпревари;

Оваа програма претставува континуитет на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на образованието од претходните години.

## Извештај за реализирани активности од

## Програмата за социјална заштита за 2024 год.

Целите на Програмата за социјална заштита се : Изнаоѓање на форми за помош на социјално ранливи групи, подобрување на стандардот на граѓаните,помош на децата со посебни потреби вклучени во редовниот образовен процес и други активности за задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита..

Во 2024 год. општина Неготино продолжи со реализација на Проектот – Општинско- корисна работа со кој беа ангажирани 4 лица како образовни асистенти во СОУ Св. Кирил и Методиј..За оваа програма намоместокот за ангажираните лица беше финансиран од УНДП, а општината партиципираше со сретства за плаќање на персонален данок и осигурување од несреќа при работа во надоместокот за овие лица.Исто така се продолжи и со активностите за помош на стари и изнемоштени лица во домашни услови, со која се ангажираа негователи за 5 стари лица со 4 часовно работно време.(потрошени 324.782 ден)

Во 2021 година со Решение на Советот на општината беше формиран Општински Совет за социјална заштита со 15 членови од повеќе институции кој редовно одржуваше состаноци за актуелните проблеми од областа на социјалната заштита.Оваа практика се продолжи и во наредните години за која беа издвоени сретства за надоместок од 12 500 за членовите на Советот за социјална заштита.Вкупно 200 000 ден во 2024.

Со Одлука на Советот во ноември 2021 општината започна со исплаќање на еднократен надоместок од 7 000 денари за секое новородено дете чии родители се жители на општина Неготино.Во 2024 редовно се исплаќаше надоместокот за секое новородено дете.(потрошени 886.692 ден)

Се продолжи како и претходните години со исплаќање на еднократна парична помош за граѓаните кои се обраќаат со барање до Советот.(1.377.757 ден)

Во програмата Т1 планираната вкупна сума беше 3 769.000ден. од кои реализирани се 3.324.128 ден., и тоа:

- За договорни услуги – планирани 399.000 – релизирани -324.782
- Други тековни расходи – планирани -100.000 – реализирани – 0
- Други трансфери – планирани – 780. 000- реализирани – 725.807
- Еднократна парична помош - планирани – 1 300 000 –реализирани -1 377.725
- Помош за новореденчиња – планирани-1 100 000-реализирани-886.692
  -помош за деца без родители –планирани 50 000-реализирани 0
  - Дневно и привремено згрижување – планирани-30000,реализирани -9.080
  -Друга социјална помош – планирани – 10 000,релизирани - 0

Реализацијата на програма е 88 %. Од планираното.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НАПРОГРАМА ЛЕР 2024

### Под-програма Г10-Поддршка на локалниот економски развој за 2024

**1.Проект „LAMO“** – Проектот започна на 01.09.2024г и е со времетраење од 36 месеци.До 31.12.2024 г. реализирани се следните активности:

Склучен Договор за надворешен експерт проект менаџер и подготовка на тендерски досиеа –финансиските средства за 2024 г.не се реализирани.Истите предвидено е да се реализираат согласно временската рамка за времетраење на проектот во тек на 2025,2026 и 2027 година.Назначен е проектен тим од три лица и се реализирани средства за персонал во висина од 35.932 мкд. или 583 евра без персонален данок.

Реализирано е присуство на прва почетна средба за проектот (kick off meeting) во Пела Грција. Средствата се реализираат во 2025 г.

**2.Проект за реконструкција на старата зграда на фонд за здравство во милтифункционален центар** –проектот не е аплициран,истиот е заменет со проект ,,Култи спорт” за кој до крај на 2024 г.е добиено известување за одобрување во прва фаза, за проектот во 2024 г е поднесена апликација во втора фаза и за истиот се чекаат резултати.

**3. Поддршка за ко-финансирање на тековни проекти во потпрограма Г10 за 2024 год.**

- Проектот „Бела Прст “ е во целост завршен и кон изведувачот Градба Промет се исплатени 940.460,00 мкд, од АФПЗРР е финансирано 709.904,00 ден, додека остатокот од фактурата е платен од буџетот на Општина Неготино, односно 230.556,00 ден.

**4. Организација на бизнис-форуми средби со бизнис заедницата –** Одржана е на крајот на 2024 година во Општинската сала во Општина Неготино

**5. Подршка,развој и имплементација на проект за Женско претприемништво**

**6. Поддршка за Менаџирање на проекти од страна на Центарот за развој на ВПР за 2024 Кофинансирање**

**7. Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина со акроним „WA-MBRELLA** - Проектот е во целост завршен и се повратени средствата од петта верификација во висина од 11 582 129,00 мкд,планирани во буџет во донација

**8. Вратени финансиски средства за реконструкција на тротоари на износ од 654.623,00 ден** - планирани во буџет во донација

**9.Зајакнување на општинските совети - фаза 2“.** (Одржување на последна петта форумска сесија) - Проектот е во целост завршен и исплатени се моредаторот и комодераторот во висина од 19 889,00 мкд .

**10. Мерни станици за смарт земјоделие** – Кавадарци, Неготино, Демир Капија и Росоман. Проектот е реализиран со средства преку ВПР- Биро за регионален развој.Во општина Неготино се поставија 10 мерни станици за кои се потребни средства за одржување на софтверот. За оддржување на мерните станици исплатени се средства од 179.950,00 со ДДВ

***За оваа Под-програма за 2024 планирани средства во основниот буџет се во висина од 1.842.000,00 а реализирани 1.140.299,00***

-договорни услуги планирано 817.000,00 ден реализирано 430.395,00 ден

-други трансфери планирано 900.000 реализирано 709.904

- расходи за репрезентација планирано 50.000,00 ден реализирано 0,00 ден

-оперативни расходи планирано 75.000,00 ден реализирано 0,00 ден

***Во донација се планирани 12.240.000 а реализирани 12.236.752***

**Под-програма Г20-Поттикнување и развој на туризмот 2024 година**

1. **Изградба на рекреативен парк околу Спортската сала „Младост** – проектот е аплициран, во тек на 2024 г.е добиено известување за одобрување во прва фаза, за проектот во 2024 г е поднесена апликација во втора фаза и за истиот се чекаат резултати.

**2. Одржување на стопанско туристичка манифестација Недела на виното,,Свети Трифун**

**3. Треил Трка „Трка за вино и љубов“ -**

**4. Поголема локална и меѓународна промоција на Општината како стопанско туристичка и економска дестинација за промоција низ разни промотивни и репрезентативни материјали-**

**5. Поддршка на развој на вински туризам и мали семејни винарии**

**6. Подршка на 2 вработувања во Желкова кука.**

7. **Проект ,,Wine up,, Јакнење на прекуграничните вински искуства за локален економски развој,, -**

Проектот е во целост завршен . До 31.12.2024 се реализирани патни и дневни расходи 3.348 мкд, договорни услуги 790.186 мкд, други тековни расходи 164.911 мкд или вкупно 958.445 мкд. Поврат на средства средства од МЛС 123.823мкд , и поврат на средства од ЕУ кон проектна сметка во висина од 2.866.071. Трансфер од проектна сметка на буџет во 2024 г. е реализиран во износ од 3 800 081,00 мкд.

***За оваа Под-програма за 2024 планирани средства во основниот буџет се во висина од 1.285.000,00 а реализирани 958.445,00***

-договорни услуги планирано 850.000,00 ден реализирано 579.629,00 ден

-услуги за печатење и издавање планирано 230.000,00 ден реализирано 210.557,00 ден

- расходи за репрезентација планирано 120.000,00 ден реализирано 110.912,00 ден

-оперативни расходи планирано 80.000,00 ден реализирано 53.999,00 ден

- сместување во земјата планирано 5.000,00 ден реализирано 3.348,00 ден

***Во донација се планирани 4.508.000,00 а реализирани 3.800.081,00***

**Под-програма ГА0-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти 2024**

1. Предлог проект преку МЖСПП -програма води (Реконструкција на водоводна и фекална линија на ул.„Баба Ана Ташева“ , ул.“Ленинова“ , ул.„Питу Гули“ , ул.„Васка Калајџиска“ , ул.„Киро Крстев , ул.„Димче Мирчев“ , - Проектите се во тек - нема финансиски импликации

2. Проект „Реконструкција на фекална и атмосферска канализација на Ул.„Марксова“ до градска Болница во Неготино, Општина Неготино“ - Проектот е комплетно завршен и истиот е комплетно исплатен од страна на БРР .

3. Проект „ Изградба и реконструкција на улици во село Криволак“ - Проектот е во тек и ке биде реализиран и исплатен во 2025 год.Вредноста на проектот е 3.038.463,00 со ДДВ.Одобрени средства од МТВ-декада на ромите 1.112.651,00 остатокот ќе биде исплатен од Програма за Комунални дејности

4. Финансирање на ЗЈП регионален центар за згрижување на бездомни миленици - ВПР стационар ШЕПА Кавадарци Исплатени се финансиски средства во висина од 721 317,00 мкд за функционирање на стационарот

***За оваа Под-програма за 2024 планирани средства во основниот буџет се во висина од 730.127,00 а реализирани 721.317,00***

## Извештај за реализација на Програма за заштита на животна средина на општина Неготино за 2024г.

Предвидените активности во програмата за 2024г. и предвидени средства за реализација на активностите во буџетот на Општина Неготино се планирани во износ од 1.850.000,00ден а реализирани на износ од 1.612.066,00 ден.Од програмата RAO потрошени се 1 612 066,00ден за изведба и легализација на две нови бушотини за вода за пиење .

Од програмата R1 изработени се:

- решетки за пластични шишиња,
- флаери за подигнување на свеста на граѓаните – не фрлај , рециклирај,
- преку донација од АД Македонски шуми и Кајак.мк, обезбедени се вкупно 2500 садници за пошумување на локалитети и вештачка регенерација на паркови со нови садници.

Од средствата предвидени за Програма за заштита на животна средина на Општина Неготино за 2024г. искористени се 87%.

## Извештај за реализација за програмата за енергетска ефикасност за 2024 година

**Од Програмата за енергетска ефикасност за 2024 година реализирани се следните активности:**

Од подпрограма ГД0 од буџет (по втор ребаланс) од 1 410 000.оо денари реализирани се вкупно 1.126.910.оо денари (80,00 %) од кои 692.453,00 денари за реконструкција на капацитети во енергетиката, 6.667,00 денари за договорни услуги. Исто така за субвенционирање на инвертер клими во домаќинствата во Општина Неготино потрошени се 427.790,00 денари, додека за подигање на свеста кај граѓаните за значењето на енергетската ефикасност и придобивките од неа (реализирани презентации во училишта) не се потрошени средства.

Од подпрограма ЈА од буџет 1 550 000.00 денари реализирани се 1 447.835,00 (93,40 %) денари за одржување на јавното осветлување.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА НЕГОТИНО**

**Изготвувач:**

**Одделение за урбанизам и**

**и заштита на животната средина**




# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА 2024 ГОДИНА

Февруари, 2025

Врз основа на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2024 година, донесени се следните урбанистички планови, урбанистичко плански документации и проектни документации:

1. Детален Урбанистички План за Урбана Единица 5 дел од блок 17 (помеѓу улица „Фемо Кулаков“, „8 Ноември“ и „Владо Арсов Шпанац“), општина Неготино според урбанистичка документација изработена од ,,ПАРАМЕТАР” ДООЕЛ Скопје, донесен со одлука од Совет бр. 08-412/6 од 12.04.2024 година;

2. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW на КП710/2, КП710/4, КП710/6, КП589/19, КП715, КП716/1, КП716/4, КП717, КП723/2 и делови од КП710/5, КП589/1, КП589/3, КП589/4, КП716/3, КП589/23, КП723/1, КП727/1, КО Криволак, Општина Неготино;

3. Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 - водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm² за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино;

4. Урбанистички проект (УП) вон плански опфат за линиска инфраструктурна градба (локален пат за приклучок на ул. 4 до Регионален пат Р 1103), КО Неготино, Општина Неготино;

5. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП2 со основна класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади на КП 3891/5, дел од КП3890/4, дел од КП3890/1, КО Неготино, Општина Неготино;

6. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план, со намена Г2.1 – Индустриски згради од лесна преработувачка индустрија на КП 38/1 и дел од КП528/1 КО Црвени Брегови 2, Општина Неготино;

7. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на објекти со класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија, на КП бр.155 и КП бр.164 - КО Црвени Брегови 2, Општина Неготино;

8. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади на дел од КП3884 и дел од КП 3927/3, КО Неготино, Општина Неготино;

9. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 1627, м.в. Стреа, КО Пепелиште, општина Неготино;

10. Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП бр. 1.0 од ЛУПД со намена Г2-лесна индустрија на КП бр. 1240/1, КП бр. 1322/15, КП бр. 1330 дел, КП бр. 1331 дел и КП бр. 1332/4, КО Пепелиште, Општина Неготино;

11. Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП бр. 5 дефинирана со ДУП за дел од УБ 9.2, за спортско рекреативен центар, општина Неготино;

12. Урбанистички Проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела за формирање на површина за изградба на спортска сала на КП 4216, КО Долни Дисан согласно Општ акт за село Долни Дисан;

13. Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на кружен тек на улица Маршал Тито на спој со улица Првомајска, улица Индустриска и улица Обиколен пат во Неготино, Општина Неготино;

14. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА УРБАНО ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО НА ГП бр.6 дефинирана со ДУП за дел од УБ 9.2, за спортско рекреативен центар, општина Неготино;

**Од програмата за изработка на урбанистичко планови од планираните 3 000 000 денари, реализирани се средства во износ од 2 852 591 денари**.

## Извештај за реализација на програмата за градежно земјиште на општина Неготино за 2024 година

Во 2024 година општина Неготино спроведе една јавна аукција за продажба на градежно земјиште при што беша продаденани:

- градежна парцела со намена Б2 – Големи трговски единици во КО Неготино со површина од 2.619м2 на купувачот Дуки Дасо Неготино со вкупна вредност од 3.457.080 денари.
- градежна парцела со намена А - 2 – Домување во станбени згради во КО Неготино со површина од 771м2 на купувачот Антигона СИМ Неготино со вкупна вредност од 577.479 денари.
- градежна парцела со намена А1 – домување во станбени куќи во КО Неготино со површина од 353 м2 на купувачот Борис Димитриев со вкупна вредност од 218.860 денари.
  градежна парцела со намена А1 – домување во станбени куќи во КО Неготино со површина од 1.247 м2 на купувачот Урбан Хоум Струмица со вкупна вредност од 88.537 денари

Во 2024 година преку продажба на градежно земјиште непосредна спогодба општина Неготино склучи 7 договори за отуѓување на градежно земјиште:

- Договор за отуѓување со Донка Ристова КО Криволак со намена Е 13 – површински соларни фотоволтаични електрани 6.648 м2 со вкупна вредност од 465.360 денари

- Договор за отуѓување со Донка Ристова КО Криволак со намена Е 13 – површински соларни фотоволтаични електрани 3.367 м2 со вкупна вредност од 235.690 денари
- Договор за отуѓување со Сарафче Иванов  КО Неготино со намена А1 – домување во индивидуални куќи 88 м2 со вкупна вредност од 26.400 денари
- Договор за отуѓување со  Илија Трајков КО Неготино со намена А1 – домување во индивидуални куќи 153 м2 со вкупна вредност од 25.900 денари
- Договор за отуѓување со КАМ ДОО КО Неготино со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија 15.830 м2 со вкупна вредност од 1.108.100 денари
- Договор за отуѓување со Лазе Ајтов КО Криволак со намена А1 – домување во индивидуални куќи 463 м2 со вкупна вредност од 69.300 денари

**Јавна аукција:** 4.341.958 денари

**Непосредна спогодба:** 1.930.750 денари

**Вкупно**: 6.272.708 денари

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА 2024 ГОДИНА


- Вовед
- ФА – Уредување на градежното земјиште
- Ф2 – Уредување на градежно земјиште
- Ј0 – Одржување на урбана опрема
- Ј1 – Снабдување со вода за пиење
- Ј2 – Одведување и прочистување на отпадни води
- Ј4 – Јавна чистота
- Ј6 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќјот
- Ј7 – Одржување и користење на паркови и зеленило
- Ј8 –Други комунални услуги
- Ј9 – Одржување на простори за паркирање
- ЈД –Изградба и реконструкција на локални патишта
- ФД – Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)
- ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување
- ЈЛ – Други комунални услуги(капитални трошоци)
- ЈИ – Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води


## Вовед

*Следејќи ја нашата заложба за  транспарентност во работењето, пред Вас е извештајот за она што ние го работевме оваа година во форма на прегледен извештај, каде сите активности и проекти се наведени во соодветните области, односно потпгограми.*

*Во оваа веќе изминатата 2024 година за Општина Неготино претставуваше година на изработка на инфраструктурни проекти и многубројни активности кои треба да придонесат кон зголемување на економскиот раст и подобрување на условите а живот на месното население како и подобрување на  животниот стандард на жителите од опширина Неготино.*

*Извештајот за релизираните активности  еизработен во склад со расположивите финансиски средства во Буџетот на општина Неготино за 2024 година и се темелат на донесената Програма за Комуанлни дејности и уредување наградежното земјите на просторот на општина Неготино за 2024 година од страна на Советот на општина Неготино, барања и забелешки на граѓаните и правни субјекти од нашата општина, како реализацијата на оперативните програмаи на ЈП Комуналец од Неготино согласно со Законот за комунални дејности (Сл.весник на РМ бр.95/12;163/13;42/14;44/15; 147/15 и 31/16 )*

## ФА - УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Согласно со законот за градење за отпочнување на градежни активности неопходни се претходни активности во делот на изработка на проектна документација, изработка на проекти за инфраструктурни објекти, проекти за сообраќајни решенија, вршење на ревизија на истите, изработка на геодетски елаборати за податоци за градежно земјите,аплицирање на целокупна документација за добивање на Одобрение за градба, како и аплицирање на соодветна документација за добивање средства за нивно финасирање од владини и невладини институции и организации. За таа цел се изработени следните проектни документации:

1. Изработка на **Урбанистички проект за инфраструктура, Ревизија на Урбанистички проект за инфраструктура, Основен проект и Ревизија на основен проект за изградба на улица во село Тимјаник (КП 3072/1 и КП 3011/2) во Неготино**.
2. Изработка на **Урбанистички проект вон опфат на УП за инфраструктура** согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање со намена **Е1.1,Ревизија на УП вон опфат на урбанистички план за инфраструктура**, Основен проект и Ревизија на основен проект за изградба на пешачка и велосипедска патека до Тимјаничка Цуцка, општина Неготино.
3. **Урбанистички проект вон опфат на УП за инфраструктура** согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање, **Ревизија на УП вон опфат на урбанистички план за инфраструктура**, **Основен проект** и**Ревизија на основен проект** за изградба на фекална канализација во село Црвени Брегови, општина Неготино
4. Изработка на проектна документација на ниво на **Основен проект за изградба на пешачка улица од УБ5 дел од Блок 17, Општина Неготино**– должина на пешачка патека 90м'.
5. Изработка на проектна документација на ниво на **Основен проект со ревизија за реконструкција на тротоар од улица Маршал Тито ( од Либерта до Градски плоштад ) и улица Партизанска ( од Градски Плоштад до спој со улица 4ти Јули )**- Планираната траса за реконструкција на тротоарот е со должина од околу 620м'.
6. Изработка на проектна документација на ниво на **Основен проект за изградба на улици од УЗ5 УБ5.1, Општина Неготино** – Вкупната должина на улиците е 300м'
7. Изработка на Основен проект за реконструкција **на улицакај хотел Grey Star, Општина Неготино.** Катастерската парцела која е опфатена со оваа реконстукција е КП 8057/1 КО Неготино, Општина Неготино. - Планираната траса за реконструкција е со должина 360м'.
8. Изработка на Основен проект за реконструкција **на тротоар од улица "Индустриска" ( обиколен пат ) – од автобуска станица "Дајо Турс" до маркет Дијана.** Катастарска парцела која е опфаната со оваа реконструкција е КП 9148/1 КО Неготино, Општина Неготино - Планираната траса за реконструкција на тротоарот е со должина од околу 1750м'.
9. Изработка на Основен проект за реконструкција на тротоар **од раскрсница на улица Ленинова со улица Даме Груев до 11 катница во Неготино, Општина Неготино**. Катастарски парцели кои се опфанати со оваа реконструкција е и КП 8630 КО Неготино, Општина Неготино
10. Изработка на **Основен проект за реконструкција на улица 12 Ваташки Другари во во Неготино.** Основен проект за реконструкција на улица 12 Ваташки Другари со должина од околу 260м'.

11. Изработка на **Основен проект за реконструкција на улици во населено место Војшанци** со сите потребни конструктивни детали. Улиците предвидени за реконструкција се на следниве катастерски парцели КП 606, КП 687, КП 1224 КО Војшанци, Општина Неготино. Планираната траса за реконструкција е со должина 900м’.
12. Изработка на **Основен проект за реконструкција на улица “Гоце Делчев”, Општина Неготино.** Катастерската парцела која е опфатена со оваа реконстукција е КП 9395/1 КО Неготино, Општина Неготино. Планираната траса за реконструкција е со должина 400м’.
13. Изработка на **Основен проект за реконструкција на улици во населено место Криволак** со сите потребни конструктивни детали. Улиците предвидени за реконструкција се на следниве катастерски парцели КП 2548, КП 2434 КО Криволак, Општина Неготино. Планираната траса за реконструкција е со должина КП 2548 – 220м’, КП 2343 – 200м’.
14. Изработка на **Основен проект за реконструкција на уалица во населено место Курија** со сите потребни конструктивни детали. Улицата предвидена за реконструкција е на следниве катастерски парцели КП 1623/1, КП 1024, КП1008, КП 1633/1 КО Курија, Општина Неготино. Планираната траса за реконструкција е со должина од околу 320м’.

15.Изработка на **Основен проект за реконструкција на улица Питу Гули во во Неготино.** Реконструкцијата е во должина од 800 м’ во Неготино.

15. Изработка на **Основен проект за реконструкција на улица во населено место Црвени Брегови** со сите потребни конструктивни детали. Улицата предвидена за реконструкција е на КП 113/1 КО Црвени Брегови, Општина Неготино.
16. Изработка на **основен проект за реконструкција на улица во Доморотско мало**.
17. Изработка на Основен проект за реконструкција на **улици на УБ5.1,** Општина Неготино. Катастерската парцела која е опфатена со оваа проектна задача е КП 11695/1, КП11700/7, КП 11701/8 КО Неготино, Општина Неготино. Планираната траса за изградба е со должина 260м’.
18. Изработка на **Основен проект за реконструкција на улица Васка Калајџиска во Неготино.** Планираната траса за изградба е со должина 900м’.
19. Изработка на **Основен проект за реконструкција на тротоари** – пред општинска зграда на Општина Неготино.
20. Изработка на **Основен проект за реконструкција на тротоари** – спроти општинска зграда на Општина Неготино.
21. Изработка на **Основен проект за изградба на кружен тек –** на влез во Општина Неготино.
22. Изработка на **Основен проект за реконструкција на Градски плоштад.**
23. Изработка на **Основен проект за реконстуркција на улица** – Бела Вода, Калањево.
24. Изработка на **Основен проект за уредување на речно корито** – Неготинска река.
25. Изработка на **Основен проект за реконструкција на улица Христо Ботев, Општина Неготино.**
26. Изработка на **Основен проект за реконструкција на улица во населено место Долни Дисан, Општина Неготино.**
27. Изработка на **Основен проект за реконструкција на улица во населено место Горни Дисан, Општина Неготино.**
28. Изработка на **Основен проект за реконструкција на Тротоар од здравствен дом до ООУ “Гоце Делчев” – Општина Неготино**
29. Изработка на **Основен проект за реконструкција на улица “Маршал Тито” – Општина Неготино**
30. Изработка на **Основен проект за реконструкција на улица “Партизанска” – Општина Неготино**
31. Изработка на Елаборат за уредување на централно подрачје во село Криволак – Општина Неготино.

32. Изработка на **Основен проект за реконструкција на** Улица село Тимјаник – Општина Неготино
33. Изработка на **Основен проект за реконструкција на** Улица село Тимјаник (обиколница) – Општина Неготино
34. Изработка на **Елаборат за уредување на јавни површини на улица “Партизанска” – Општина Неготино**
35. Изработка на **Основен проект за реконстуркција на** Улица “Ленинова” – Општина Неготино
36. Изработка на **Основен проект за реконстуркција на** Улица “Димче Мирчев” – Општина Неготино
37. Изработка на **Основен проект за реконстуркција на** Улица “Баба Ана Ташева” – Општина Неготино
38. Изработка на **Основен проект за реконстуркција на** Улица “Киро Крстев” – Општина Неготино
39. Изработка на **Основен проект за реконструкција на Две улици во село Криволак – Општина Неготино**
40. Изработка на **Основен проект за реконструкција на Улица “29 ти Ноември” – Општина Неготино**
41. Изработка на **основен проект за реконструкција на улица во село Криволак (црква) – Општина Неготино**

За реализација на активностите од потпрограмата ФА (надомест за одземен имот) планирани се 3.000.000,00 денари а реализирани се1.470.212,00 денари.

## Ф2 – УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

За реализација на активностите од потпрограмата Ф2 планирани се 3.363.000,00 денари а реализирани се 3.190.353,00 денари.Реализацијата се однесува на изработка на просторни и урбанистички планови.

## ЈН –УРБАНА ОПРЕМА

Под одржување на урбана опрема се подразбира одржување во функционална состојба на фонтани,мали фонтани за вода за пиење,пешачки премини, мостови, одржување на урбана опрема на градскиот плоштад и старата чаршија во Неготино, одржување на монтажни бини, одржување на садеви за комунален отпад, клупи за седење, елементи во детскиигралишта,пазар и урбана опрема - настрешници на градски. Во оваа програма во 2024 година беше планирана и реализацијата на Градскиот Пазар во Општина Неготино.

За реализација на активностите од потпрограмата ЈН планирани се 24.400.000,00 денари а реализирани се 24.399.997,00 денари.Реализацијата се однесува на купување на опрема (пазар) – планирани 21.400.000,00 ден реализација од 21.399.997.00 и изградба на други објекти(реконструкција на детски игралишта) планирани 3.000.000,00 ден реализација од 3.000.000,00 ден.

## J0 – ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

За реализација на активностите од потпрограмата J0 планирани се 1.600.00,00 денари а реализирани се 1.599.997,00 денари.Реализацијата се однесува на тековно одржување на урбана опрема, договорени услуги, изнајмување на друга опрема.

## J1 –СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА

За тековно одржување водоснабдителни системи во приградските населби (поправка на потопни пумпи, санирање на дефект на водоснабдителна мрежа,набавка на течен хлор, набавка на хлорни станици ) општина Неготино склучи договор со ЈП Комуналец како и со други правни субјекти.

- Извршена набавка по пат на јавна набавка од правниот субјект Интер Хем на течен хлор за хлорирање на водоснабдителните системи во приградските населби.(Дистрибуцијатаи неговата контрола за исправност ја врши ЈПКомуналец)

Исто така во оваа потпрограма е планирано исплата на камата и главница на кредит МСИП/45. Во 2024 година од оваа потпрограма е исплатено за камата 889.720,00 ден и главница на износ 2.549.878,00 ден.
За реализација на активностите од потпрограмата J1 планирани се 5.380.606,00 денари а реализирани се 5.062.990,00 денари.Реализацијата се однесува на комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, други комунални такси и услуги, материјали и ситен инвентар, камата на кредити и отплата на главнина.

## J2 –ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Под прифаќање на атмосферски води во смисла со одредбите одЗакононот за комунални дејности како и Законот за јавни патишта сеподразбира изградба на канализациона мрежа, одведување и испуштање наатмосферски води, под што се подразбира прифаќање на атмосферскитеводи од урбани површини, одведување со канализациона мрежа иииспуштање во во река Вардар (реципиент).

За реализација на активностите од потпрограмата J2 планирани се 300.000,00 денари а реализирани се 13.470,00 денари.Реализацијата се однесува на поправки и тековно одржување.

## J4 – ЈАВНА ЧИСТОТА

Со оваа потпрограма се регулира редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворени простори на јавните објекти, како и одржување и расчистување на јавните површини од снег и мраз во зимски услови од страна на ЈП Комуналец за што се склучи мегусебен договор за 2024година за регулирање на меѓусебните обврски со општина Неготино согласно со Годишната Програма за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина Неготино.

Одржувањето на јавната чистота ги опфати:

- Јавните површни (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштад и уредени отворени простори, парковски површни и градско зеленило, мостови, паркинг простори, скали кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, стојалишта и такси станици.)

Во спроведување на  оваа потпрограма се изведуваа следните активности:

- рачно метење на јавните површни,
- рачно чистење на улиците  од наноси на земја после врнежи од дожд,
- миење на јавните површни со цистерни(Од страна  на ЈП Комуналец оваа активност не беше спроведена, беше извршено на перење на градскиот плоштад во неколку наврати),
- собирање и транспортирање на уличен отпад од одржување на јавната чистота и негово транспортирање на општинската комунална депонија и се состои од:

a. комунален отпад

- уличен отпад(најчесто фрлени кутии на цигри, опушоци, искористени карти и влезници за јавни приредби, уплатници од спортски обложувалници, разни списанија и дневни весници, паковна амбалажа од хартија и пластика и други фрлани предмети,
- отпад од возила кои превезуваат  отпад од правни и физички лица, градежен отпад, храна од органско потекло и сл.,

b. сезонски отпад

- лисја
- песок и ситен камен(поради посипување на јавни површини во зимски услови)
- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Во чистењето на јавните површини опфатени беа и поставување и чистење на корпи за отпадоци, урбана опрема, пешачки патеки и скали, собирање на отпадот околу поставените контејнери и др.

Динамиката на извршување и спроведување на оваа потпрограма се изврши согласно донесената програма од страна на Советот на општина Неготино и за поедни локации кое не беа навреме одржување не им беше потпишуван работниот налог од страна на стручните служби на општина Неготино.

За реализација на активностите од потпрограмата Ј4 планирани се 2.500.000,00 денари а реализирани се 2.318.283,00 денари.Реализацијата се однесува на поправки и тековно одржување, одржување на автопати, улици и патишта и одржување на други зелени површини.

## Ј6 – ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈОТ

Под одржување  и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќајот во општина Неготино се подразбираат повеќе мерки и работи кои се обавуваат во текот на целата година, вклучувајќи ги и сите објекти и инсталации се со цел да се одржи нивната проодност и техничка исправност на патиштата како редовно одржување, како и местимично подобрување на елементите од патот, да се осигура сигурноста и трајноста на патиштата и да се зголеми сигурноста на сообраќајот како вонредно одржување.

За реализација на активностите од потпрограмата Ј6 планирани се 6.000.000,00 денари а реализирани се 5.518.363,00 денари.Реализацијата се однесува одржување на улици и патишта во Општина Неготино(крпење на ударни дупки, зимско одржување, одбележување на хоризонтална сигнализација)

## Ј7 – ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ ЗЕЛЕНИЛО

Согласно склучениот Договор  за 2024година со ЈП Комуналец како давател на услуга и општина Неготино како корисник на услуга, одржувањето на паркови и зеленило се одржуваше според Годишната Програма за комунални дејности за 2024 година.Врз основа на извршените работни активности од страна на ЈП Комуналец, овластени лица од општината кои беа задолжени за реализацијата на програмата ги потпишуваат работните налози, а со тоа и фактурирање од страна на ЈП Комуналец на сметка на општина Неготино.

За реализација на активностите од потпрограмата Ј7 планирани се 2.800.000,00 денари а реализирани се 2.796.647,00 денари.Реализацијата се однесува на поправки и тековно одржување, одржување на други зелени површини.

## Ј8 – ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

За извршување на предвидените активности општина Неготино склучи Договор со соодветни правни лица кои имаат дозвола од надлежно министерство за изведување на овие активности по пат на јавна набавка.

За реализација на активностите од потпрограмата Ј8 планирани се 2.760.000,00 денари а реализирани се 2.733.669,00 денари.Реализацијата се однесува на следните активности - опрема за специјални намени(мобилни тоалети искористени за неготински панаѓур) на износ од 19.399, дезинсекција ,дератизација, и дезинфекција на износ од 1.005.100,00 ден, за одржување на градби во Општина Неготино и населени места на износ од 1.199.891, уништување на штетни животни 459.279,00 ден и договорни услуги на износ од 50.000,00 ден.

## Ј9 – ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОСТОРИ ЗА ПАРКИРАЊЕ

За непречено функционирање се префрлени финансиски средства кон ЈП Паркинзи Неготино. Во оваа потпрограмата Ј9 планирани се 5.000.000,00 денари а реализирани се 5.000.000,00 денари.

## ЈД – ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

За реализација на активностите од потпрограмата ЈД планирани се 18.725.000,00 денари а реализирани се 17.873.428,00 денари.Реализацијата се однесува на:

-изградба на улици и патишта  реализација 11.500.000,00 ден

-реконструкција на улици и патишта 2.753.164,00 ден

-изградба на други објекти 1.638.926,00 ден

-надзор над изградбата 411.732,00 ден

-камата на кредит 465.000,00 ден

-отплата на главница на втор заем МСИП 32 1.104.606,00 ден

Најголем дел од финансиските средства во оваа потпрограма се потрошени за изградба на У.З 5.1 , други активности кој се реализирани во оваа потпрограма се изградба на канализациона мрежа на улица Јане Сандански, Изградба на улица Бранители, Изградба на потпорен ѕид на Даме Груев, изградба на потпорен ѕид на улица 11 ти Октомври.

## ФД – УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)

За реализација на активностите од потпрограмата ФД планирани се 8.000.000,00 денари а реализирани се 7.393.014,00 денари. Овие финансиски средства се реализирани за изградба на улици во населени места, односно Криволак, две улици во Тимјаник, Војшанци и улица во село Пепелиште.

## ЈЛ – ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)

За реализација на активностите од потпрограмата ЈЛ планирани се 300.000,00 денари а реализирани се 300.000,00 денари. Овие средства се реализирани за новогодишно украсување.

## ЈИ–ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

За реализација на активностите од потпрограмата ЈИ планирани се 3.000.000,00 денари а реализирани се 2.794.808,00 денари.овие средства се реализирани за изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување на У.З 5.1.

## ЈГ – ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

За реализација на активностите од потпрограмата ЈГ планирани се 4.300.000,00 денари а реализирани се 4.300.000,00 денари.Реализацијата се однесува на изградба на капацитети за водоснабдување. изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување на У.З 5.1 и на улица В.А Шпанац и А.А Илов.

## ОСТАНАТИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ ЗАВРШЕНИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И СООБРАЌАЈ

По барања на физички лица и група граѓани за 2024 година пристигнати се 20 барања и е содветно постапено по нив со нивно писмено известување.

За потребите на Одделението за комунални дејности се поднесени 20 барања до правниот субјект Гео Топо Кат кој има склучено Договор за јавна набавка за давање на услуги за потребите на општина Неготино за идентификација на катастарски парцели,за утврдување на фактичката состојба, за изработка на нумеричките податоци за градежни парцели и друго.

По барање на правни и физички лица како и од градоначалникот се направени Предмер Пресметки за реконструкција на улици по приградските населби,за реконструкција на улици, предмер пресметка за изградба на фекална и атмосферска линија, предмер пресметка за изградба на зид до кружнот тек, предмер пресметка за санација на неколку улици во градот, за санација на водоводна линија, предмер пресметка за поставување на фотоволтаици,барања за прекоп од физички лица тоа вкупно на 63 предмети.

Барање за сечење, кастрење на на гранки и оштетени стебла се поднесени вкупно25 броја.

По основ за решавања на пристигнати предмети за Барања за легализација  од страна на оддлението се решени 53 предмети на физички лица.

Барање за прекоп од ЕВН се поднесени вкупно27 броја на предмети,

Вработените лица учествуваа во повеќе комиси и координативни тела за измени на планови во градот, учество во проектни тимови за следење на проекти преку одделението ЛЕР со министерството за транспорт и врски, министерство за финасии и министерство за земјоделие, животна средина.

## ДЕЛ ОД ПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2024 ГОДИНА

1. Реконструкција на фекална канализација на улица “Владо Арсов Шпанац” до улица “Ацо Аџи Илов”
2. Изградба на улица во село Криволак, крак 1 – Општина Неготино
3. Изградба на улица во село Пепелиште, дел од улица 1 – Општина Неготино
4. Изградба на улици и комунална инфраструктура во УБ 5.1 – Општина Неготино
5. Санација на дел од водоводна и канализациона мрежа од УБ 5.1 – Општина Неготино
6. Изградба на крак од улица Сранко Франц Пипан (обиколница Дојранска)
7. Реконструкција на улица во село Војшанци (ТАВ)
8. Изградба на улица Бранители
9. Реконструкција на фекална и атмосферска линија на улица  Марксова до Градска Болница
10. Реконструкција на улица во с. Тимјаник (вес комерц)
11. Реконструкција на улица во село Тимјаник (пред мостот)
12. Санација на дел од улица Димче Мирчев (годишен договор)
13. Санација на дел од улица Јане Сандански (годишен договор)
14. Санација на атмосферска и фекална линија на дел од обиколница Дојранска (годишен договор)

Изработил: Петре Трајков

Согласен: Марија Нацева

Градоначалник на Општина

Неготино

Горан Стојанов

Март 2025